Таутовиќ, Осовременување на историскиот роман (револуционерната тема во романескната проза; проф. Благоја Иванов, Од врутокот кон утокот (неколку белешки на темата фоклорот во нашата проза); Милан Ѓурчинов, Битот и „антибитот" во некои облици на современата македонска проза; доц. Влада Урошевиќ, Некои проблеми во ставот на нараторот во македонската проза за селото кон крајот на 50-тите години; проф. Борислав Павловски, Функцијата на магиското во прозата на Петре М. Андреевски; д-р Воислав Јаќоски, Битовото во драмското творештво на Горан Стефановски; д-р Симо Младеновски, НОВ и Револуцијата во македонската проза за деца. Од оправдани причини своето отсуство го најавија следните учесници: Слободан Мицковиќ, Структурата и „Пустина" на Ѓорѓи Абаџиев; д-р Драшко Рецеп, Просторите на југот, предели на имагинација; Петар Т. Бошковски, Кон прашањето за актуализација на историските содржини; Света Лукиќ, Историјата и современиот живот во прозата на Димитар Солев, д-р Миодраг Друговац, Битовото и историското во прозата на Стале Попов. Свои реферати пријавија, но од оправдани причини не можеа да земат учество во работата на собирот и проф. д-р Томе Саздов и д-р Љубомир Цвиетиќ. Рефератите на сите пријавени учесници ќе бидат објавени во посебен зборник, во издание на Македонската академија на науките и уметностите.

Благој СТОИЧОВСКИ

## СОВЕТУВАЊЕ СО НАСТАВНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ОД СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Согласно со обврските што произлегуваат од Законот за средното образование и од Правилникот за перманентно стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар во средното образование, Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето организира советување за наставниците кои го предаваат предметот историја.

Целта на советувањето беше на наставниот кадар да му се укаже стручна и педагошко-методска помош за успешно реализирање на новите наставни програми и да се придонесе во нивното перманентно стручно и педагошко усовршување.

Советувањето беше одржано во три пункта: на 19.09.1983 година во Скопје, на 21.09.1983 година во Штип и на 23.09.1983 во Битола. На советувањето беа разработени две теми:

1. Искуства и согледувања од реализацијата на наставната програма по историја во I клас на средното образование за која информираше Наум Димовски, самостоен педагошки советник по историја во Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето.

2. Реализација на наставната програма по историја во II клас на средното образование. Упатства

за тоа дадоа проф. д-р Владо Картов, проф. м-р Никола Чинго и Наум Димовски.

Присутните професори беа информирани за заедничките програмски јадра по историја за основното и средното образование како и за учеството на VIII конгрес на историчарите на Југославија. Разговорот по оваа тема го раководеше претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ Никола Чинго.

По обработуваните теми се водеше дискусија, и беше договорено на што да се посвети поголемо внимание во работата при реализацијата на воспитно-образовните задачи во наставата по историја во средното образование.

Наум ДИМОВСКИ

## ТРКАЛЕЗНА МАСА „ЕТНОГЕНЕЗАТА НА ЈУРУЦИТЕ И НИВНОТО НАСЕЛУВАЊЕ НА БАЛКАНОТ

Македонската академија на науките и уметностите на 17 и 18 ноември 1983 година во Скопје организира тркалезна маса на тема: „Етногенезата на Јуруците и нивното населување на Балканот".

Тркалезната маса, во отсуство на претседателот на Организациониот одбор акад. Крум Томовски, ја отвори д-р Галаба Паликрушева, член на Одборот. На собирот, покрај учесниците, со реферати присуствуваа членови на МАНУ и други научни работници од градот и Републиката. Во уводниот збор, д-р Галаба Паликрушева го истакна интересот на научната јавност за Јуруците на овие балкански простори, што посебно се јави по Втората светска војна. Конкретно, тој интерес почна во 1955 година, и тоа во Штип (Штипскиот музеј), каде што има повеќе јуручко население, со прибирање на етнографски материјал од таа територија. Подоцна во рамките на Македонската академија на науките и уметностите е формиран одбор за изработка на научен проект за „Положбата на Јуруците во Македонија", кој од 1972 година се занимава со комплексното проучување на Јуруците во Македонија. Исто така и Институтот за фолклор од Скопје работи на заеднички проекти со Институтот за фолклор од Анкара, Турција, чијшто предмет на интензивни истражувања се фолклорот и етнографијата на Радовишко-валандовската јуруклана.

Со цел да се преиспитаат посестрано досегашните сознанија за таа проблематика и да се фрли нова светлина врз новооткриените и непознати извори, досега неискористената литература, како и врз зачуваните остатоци од нивната материјална и духовна култура, Македонската академија на науките и уметностите во рамките на спомнатиот проект го вклучи и организирањето на оваа тркалезна маса. Целта на Одборот на тркалезната маса беше да ја осветли етногенезата на Јурците и нивното населување на овие наши простори од повеќе аспекти, нив-